Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-427**
**mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk**

# ПРАВИЛНИК
# ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ КОИ ИЗВРШУВААТ ЈАВЕН ИНТЕРЕС И СЕ ОДРЖУВААТ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се регулираат критериумите, начинот и постапката за распределба на средства за финансирање на здруженија и фондации за програмските активности кои се одржуваат на територија на Општина Кисела Вода, на формирање и надлежност на Комисијата за спроведување на постапката (во натамошниот текст: Комисијата) и составните елементи на Договорот за доделување на финансиски средства.

Член 2

Распределбата на средствата на здруженијата и фондации од член 1, се врши согласно член 22 од Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на Р.М., бр. 5/2002 ), член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/2010 и 135/2011) и одредбите на овој Правилник.

Член 3

Висината на средствата за финансиските средства од членот 2 на овој Правилник се одредува во Буџетот на општината и Програмите за финансирање за програми ( проекти) во приоритетни цели утврдени со програма за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за секоја година посебно, а кои се објавуваат во службен гласник на општината.

## II. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

Член 4

Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Кисела Вода ставка 463 – Трансфери до невладини организации) наменети за финансирање на

програмските активности на
здруженија и фондации, ќе се врши согласно критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Кисела Вода. Распределбата ќе се врши врз на предлог на Комисија формирана од Општина Кисела Вода.

Доделувањето финансиски средства се врши по пат на прибирање на затворени писмени пријави преку јавен оглас.

На јавниот оглас можат да учествуваат здруженија и фондации кои се регистрирани и ќе реализираат проекти на територија на Општина Кисела Вода, под услови утврдени со позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа тематика и овој Правилник.

Огласот се објавува од страна на Општина Кисела Вода во најмалку еден дневен печат кој излегува на територија на Република Македонија и на WEB страната на Општината.

Рокот за пријавување изнесува 7 работни дена од денот на објавата на огласот.

Член 5

Огласот за доделување на финансиски средства на здруженија и фондации , содржи:

- назив и адреса на органот кој го распишува;
- услови кои треба да ги исполнат здруженијата и фондациите;
- начин на пријавување на огласот;
- рок на траење на огласот;
- постапка на доделување на средства.

Член 6

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата на граѓани и фондации се:

1. Да се регистрирани според Законот за Здруженија и фондации;
2. Да се спроведуваат активности и проекти од јавен интерес;
3 .Да спроведуваат активности од минимум една година;
4. Да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**
тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
**тел.: 02/2785-427**
**mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk**

Член 7

Проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондации кои ги исполнуваат критериумите од член 6 на овој Правилник, се врши врз основа на следните посебни програмски критериуми:

| КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ | МАКСИМУМ БОДОВИ |
|---|---|
| **1. Организациска структура и ресурси** | **40** |
| 1.1. Капацитет на Организацијата во однос на човечки ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица) | 10 |
| 1.2. Стручност на лицата кои учествуваат во спроведување на проектот | 10 |
| 1.3. Искуство на Организацијата во спроведување на проекти од таков обем во соодветната област | 10 |
| 1.4. Просторна и техничка опременост на Организацијата за спроведување на проектот | 5 |
| 1.5. Способност за раководење со буџетот (дали годишниот буџет на здружението на граѓани и фондација за последната календарска година ја надминува висината на проектот) | 5 |
| **2. Квалитет на проектот** | **60** |
| 2.1. Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализација на поставените цели, колку е јасна, остварлива и соодветно определена | 10 |
| 2.2. Усогласеност со целите, активностите, вредностите и принципите на Програмата и Стратегиите | 10 |
| 2.3. Понудени квалитетни и иновативни решенија за реализирање на проектните цели | 10 |
| 2.4. Детално разработени Програмски активности | 10 |
| 2.5. Оценка на оправданоста на трошоците на предложениот финансиски план (реалистичен буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоци по позиции и колку тие соодветствуваат со пазарните цени) | 10 |
| 2.6. Оценка за учеството на организацијата во предвидениот Проект со финансиски средства обезбедени од сопствени и други извори (за сопствено учество од 15%, апликантот добива максимум 10 бодови) | 10 |
| **Максимум вкупен број бодови** | **100** |

Член 8

Здруженијата на граѓани и фондации кои се пријавуваат на огласот треба да достават:

1. Пријава за финансиска поддршка;
2. Предлог – проект;
3. Статут и решение за регистрација на здружението на граѓани или фондацијата;
4. Извештај за добиените средства од Буџетот на Општина Кисела Вода во изминатата 1 (една ) година и за начинот на нивна реализација ако биле корисници;
5. Извештај за добиените средства од други институции во реализирање на проектни активности во изминатите 3 (три) години;
6. Уверение за платени даноци издадено од даночните органи;
7. копија од тековната состојба на здруженијата на граѓани и фондации, издадена од Централен Регистар на Република Македонија.

Здруженијата на граѓани и фондации не можат да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка по огласот.

Член 9

Доделените средства се користат исклучиво за намената за која се доделени и на начин определен во Предлог-проектот.

Здружението на граѓани и фондации се должни да доставaт финансиски извештај за реализацијата на проектни активности по завршувањето на проектните активности, најјкасно до 31 октомври во тековната година.

III. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ КОИ ИЗВРШУВААТ ЈАВЕН ИНТЕРЕС НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Член 10

Општината најдоцна до крајот на месец јануари во тековната година, објавува оглас за финансиски средства за проектни активности наменети за здруженија и фондации, кои ќе бидат од јавен интерес на локално ниво.

Потребната документација за учество на огласот се доставува по пошта или на Едношалтерски ситем (архива) на Општина Кисела Вода.
Пријавите и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „не отварај" и со назнака „за оглас за доделување на финансиски средства на здруженија на граѓани и фондации" и бројот на повикот. Пликот не смее да

содржи никаква ознака која би можела да го идентификува понудувачот.

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице на кандидатот.

Член 11

Пристигнатите пријави ги отвара и разгледува Комисијата без присуство на пријавените кандидати.

Некомплетните и ненавремено доставените пријави Комисијата нема да ги разгледува и за истото ги известува кандидатите.

Член 12

Незадоволните субјекти од финалниот избор и постапка по јавниот оглас имаат право на приговор во рок од 7 (седум) дена сметано од денот на приемот на писменото известување за завршен избор. Приговорот се поднесува преку Комисијата до Градоначалникот на Општината. Решението на Градоначалникот по приговорот е конечен.

Член 13

Помеѓу Општина Кисела Вода и избраниот субјект се склучува Договор за доделување на финансиски средства на здруженија на граѓани и фондации за реализирање на проектните активности.

Договорот се склучува во рок од 7 (седум) работни дена сметано од денот на истекувањето на рокот за приговор.

Член 14

Постапката за доделување на финансиски средства на здруженија на граѓани и фондации ја спроведува Комисијата за доделување на финансики средства на здруженија на граѓани и фондации согласно со одредбите на овој Правилник Комисијата за доделување на финансиски средства на здруженија на граѓани и фондации ја формира Градоначалникот.

Комисијата е составена од пет члена, 3 члена кои се од редот на општинската администрација и 2 члена од Советот

Комисијата е надлежна да:

- распише јавен оглас;
- да ги утврди посебните критериуми и врши бодовна евалуација за доделување на финансиски средства на здруженија на граѓани и фондации;
- ги отвара и ги разгледува апликациите

- утврдува листа на здруженијата на граѓани и фондации кои учествувале согласно утврдените критериуми;
- доставува предлог до Градоначалникот, кој носи Решение за доделување на финансиски средства на здруженијата на граѓани и фондации;
- Називите на здруженијата на граѓани и фондациите кои добиле финансиски средства за проектите ќе бидат објавени на веб страницата на Општина Кисела Вода (www.kiselavoda.gov.mk).

Член 15

Комисијата работи на седници што ги свикува и со кои раководи претседателот на комисијата кој се грижи за правилно и законито работење на истата почитувајќи ги одредбите од Правилникот.

За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат сите присутни членови.на Комисијата.

## IV. КОНТРОЛА НА НАМЕНСКО КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ДОДЕЛЕНИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

Член 16

Здруженијата на граѓани и фондации корисници на доделените финансиски средства, се должни да доставуваат детален финансиски извештај за користењето на средствата поткрепен со документација во оригинална форма ( платени фактури, изводи од банка, фискални сметки и сл.)

Член 17

По поднесените финансиски извештаи, Комисијата формирана со Решение на Градоначалникот, врши евалуација на финансиските извештаи на здруженијата на граѓани и фондации за наменското користење на средствата и утврдува:
- навременост на доставување на извештајот;
- целовитоста на извештајот;
- наменско/ненаменското користење на средствата;
- моменталниот статус на наменската сметка, односно дали истата е блокирана или не.

Комисијата од став (1) на овој член доставува Извештај за својата работа до Градоначалникот .

## V. ЕЛЕМЕНТИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТ ОД ИНТЕРЕС НА ОПШТИНАТА

Член 18

Договорот за финансирање на проектни активности на здруженија на граѓани и фондации ги содржи следниве елементи :

- Страни на договорот ;
- Предмет на Договорот
- Обврски на Договорните страни ;
- Рокот на важност на Договорот
- Причини за раскинување на Договорот;
- Договорот е составен во четири (4) примероци, по два (2) за двете договорени страни

Давателот на услуги (здружение на граѓани и фондации) се согласува дека сите добиени податоци и информации кои ќе ги добие од вработените на Општината, како и оние добиени со исвршувањето на задачата од договорот ќе ги смета за строго доверливи и дека истите нема да бидат објавени, јавно освен кога за тоа постои писмена согласност од Општината.

Член 19

Здруженијата на граѓани и фондации кои се избрани за доделување на финансиски средства, се должни:

- на Општина Кисела Вода да и се достави секоја промена на седиштето, адресата, телефон за контакт, e-mail adresa, статусни промени, промена на сметките и слично.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Кисела Вода".

Број: 09-5393/10
12 Јули 2019 година
Скопје

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-427**
**mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk**